# I ДЕЛ

## *1. Воведни напомени*

Основната должност на секој менаџер во секоја компанија, а тоа се однесува и на компаниите за осигурување, е да постигне три основни цели: зголемување на квалитетот, што опфаќа продуктивност и профитабилност на компанијата; зголемување на виталноста, во смисла на флексибилност и адаптибилност на пазарните услови; и да овозможи такви работни услови што ќе обезбедат просперитет на работењето во иднина. Со помош на планирањето и комуникацијата со опкружувањето, нивната задача е да ја водат компанијата кон одредените цели. Тоа и не е така лесно ако се земат во предвид промените коишто се случуваат на светскиот пазар, како што е сè поголемото ниво на глобализација, а преку неа и настанатата хиперконкуренција, промените во производството, а посебно во трговијата. Денес, променет е концептот на работење и секоја индустриска гранка, па и секоја компанија е изложена на меѓународна специјализација и меѓународна конкуренција, па дури и оние кои произведуваат за домашен пазар не може повеќе да се однесуваат на стариот начин, занемарувајќи ги случувањата во светот и не давајќи значење на идните побарувања.

Денешните компании мора да имаат светски критериуми и стандарди во работењето, добар квалитет, високо ниво на продуктивност и поволни цени, добра конкурентска позиција, мора да бидат меѓу првите и најдобрите, што не може да го остварат доколку се придржуваат на класичните форми на однесување и работење. Интернационализацијата, техничкиот прогрес, развојот на информатиката бараат од компаниите благовремени одговори и вистински акции, а менаџерите ги ставаат пред сè поголеми предизвици и задачи.

Времињата се промениле. Менаџментот на компаниите за осигурување повеќе не подразбира преокупирање со оперативни проблеми во сегашноста и нивно решавање врз основа на стекнатото искуство, додека виталните стратешки прашања да се ставаат во втор план. Денес се бараат нови пристапи во решавањето на постојните и новите проблеми. Од менаџерите во компаниите за осигурување се бара разбирање на

иднината, новите начини на конкуренција, благовремено спознавање на можностите и нивно ефикасно користење. Нивната улога е да извршат стратешки избор и доследно да го спроведат избраниот стратешки правец. Од нив се бара да создадат и да ги искористат предностите на компанијата и на истата таа компанија да ѝ обезбедат место на пазарот во иднина. Повеќе не е доволно да се биде само добар за да се опстои во сложените и динамични околности, туку компанијата мора да биде помеѓу најдобрите доколку сака да ја обезбеди својата егзистенција. Менаџерите се обврзани во сè потешките услови на стопанисување, да ја доведат компанијата до посакуваната состојба, која станува реалност со помош на добро испланирана и спроведена стратегија.

## *2. Предмет и цел на истражување*

**Предмет на истражувањето:** Предмет на оваа докторска дисертација е теориско и емпириско истражување на улогата на менаџментот во постигнувањето на стратешките цели во компаниите за осигурување. Како што е веќе наведено, сите компании, па и компаниите за осигурување имаат три основни цели: квалитет, виталност и перспективност, а предмет на овој труд е приказ и анализа на улогата на менаџментот во постигнувањето на тие цели.

**Целта на истражувањето** е да укажеме на фактот дека осигурувањето и компаниите за осигурување имаат посебно влијание врз економскиот раст во земјата, додека од друга страна, нивното работење зависи од менаџментот. Со самото тоа, јасна е улогата на менаџментот во компаниите за осигурување за економијата и економскиот раст во земјата. Менаџментот во оваа област содржи и технологија на менаџерски и организациони знаења, пристап до пазарот и сл., затоа е неопходен од аспект на развојните потреби на економијата, како и раст и одржување на конкурентските можности и перформанси. Имајќи го сето тоа во предвид, проучувањето на улогата на менаџментот во компаниите за осигурување е неопходно од аспект на потребното заздравување на оваа стопанска гранка во нашата земја.

**Научно – истражувачки методи:**

Освен теоретско прикажување на менаџерските функции во компаниите за осигурување и прикажување на улогата на менаџментот во позиционирањето на компаниите за осигурување на финансискиот пазар и пазарот на осигурување, истражувањето е насочено и кон утврдување на моментната состојба на менаџментот во компаниите за осигурување кои делуваат во нашата земја, како и утврдување на видовите и нивоата на стручна подготвеност на одговорните лица.

Сето тоа ќе биде основа за сеопфатен заклучок за факторите, ефектите, но и предусловите за успешно управување во компаниите за осигурување. Во теоретско – методолошката постапка на истражувањето за изработка на овој докторски труд, авторот ќе користи:

- дијалектички метод,
- историски и дескриптивен метод,
- аналитички метод,
- компаративен метод,
- емпириски метод.

Преку историскиот и дескриптивниот метод ќе се истражуваат теоретските рамки и механизми, како и влијанието на менаџментот врз работењето на компаниите за осигурување.

Со помош на емпирискиот, аналитичкиот и компаративниот метод ќе се анализира и споредува улогата и функциите на менаџментот во компаниите за осигурување и нивната причинско – последична поврзаност со постигнувањето на целите на компанијата.

При дефинирањето на препораки и процедури кои може да го унапредат менаџментот во компаниите за осигурување ќе се примени аналитички и емпириски метод.

Овие методолошки постапки ќе овозможат да се докаже точноста на хипотезите на овој докторски труд.

**Хипотези од кои тргнува истражувањето:**

Методолошката рамка на трудот ќе помогне во утврдувањето на точноста на поставените хипотези. Основната хипотеза на ова истражување е дека воведувањето на улогата на менаџментот во маркетинг секторите не зависи од тоа колку долго компанијата постои на пазарот. А помошните хипотези кои ни даваат одредени насоки во докажувањето на оваа главна хипотеза се:

- Постоењето на соодветен број на нивоа на менаџмент не постои во компании во кои одлуките ги носи единствено топ менаџментот;
- Од стручната подготвеност на менаџерите зависи дали компанијата сака во своето работење и планирање да ги користи сите расположливи функции на менаџмент.

Улогата на менаџментот во компаниите за осигурување не е доволно проучувана и не е посветено доволно внимание ни во теоретска, ни во практична смисла. Нивото на осигурување во нашата земја е недоволно за да се оствари потребното ниво на инвестиции и да се покрене процесот на развој на економијата.

**Опис на структурата на трудот:**

Трудот е составен од вовед, работен дел којшто ќе биде поделен на три делови, како и заклучни согледувања.

Во воведот, како прв дел од трудот, ќе бидат формулирани предметот и целта на истражувањето, потоа поставените хипотези и ќе се наведат научните методи кои се применети.

Вториот дел ќе биде посветен на дефинирање на поимот и функциите на менаџментот во компаниите за осигурување, влијанието на менаџментот врз работењето на компаниите за осигурување, во смисла на управување со финансискиот капитал на компаниите и управувањето со ризикот, што е специфичност во работењето на компаниите за осигурување. Посебен осврт во овој дел ќе се даде и на една од најзначајните интерни функции на менаџментот во компаниите од оваа стопанска гранка – менаџментот на човечки ресурси.

Третиот дел се однесува на улогата на маркетинг истражувањето и маркетинг информационите системи во компаниите за осигурување. Внимание е посветено и на улогата на менаџментот во сегментирањето, таргетирањето и позиционирањето на компаниите за осигурување на пазарот, со осврт на улогата на менаџментот во креирањето и спроведувањето на стратегија за позиционирање на компаниите за осигурување на меѓународните пазари.

Четвртиот дел е истражувањето преку кое ќе бидат докажани или отфрлени хипотезите кои се наведени во целите на истражувањето.

Заклучокот, како петти дел, ќе биде насочен кон резимирање на спроведеното истражување и на сумирање на препораките кои може да го унапредат влијанието и улогата на менаџментот врз работењето на компаниите за осигурување.

**Значење на истражувањето:**

Осигурувањето, во најширока смисла на зборот, претставува заштита на имотниот интерес на физичките и правните лица во случај на реализирање на ризикот, односно настанување на осигурениот случај на сметка на фондовите на осигурување, формирани преку наплата на премија од тие лица. Улогата на менаџментот во осигурувањето не е доволно проучена, затоа значењето на ова истражување е утврдување на степенот на влијание на менаџментот врз работењето на компаниите за осигурување.

**Очекувани резултати и научен придонес:**

Резултат на овој труд, се надевам, ќе биде јасно и недвосмислено укажување на значењето на менаџментот за постигнување на стратешките цели на компаниите за осигурување.

Втор, но секако не помал придонес и вредност на ова истражување е квалитетното информирање на сите заинтересирани страни, менаџери и идни менаџери во компаниите за осигурување, кои на тој начин ќе стекнат увид во теориските модели и ќе добијат можност да ја анализираат сопствената пракса и истата да ја унапредат.